РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-1591/4
09-11-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1591/1 од 27.03. 2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на вработените лица ----------, на работно место педагог и ----------, на работно место секретар на ООУ „----------“ во село ---------- во Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за случајот постапил друг надлежен орган кој при инспекцискиот надзор извршен во предметното училиште не утврдил неправилности што значи дека не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1591/1 од 27.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Во ДКСК е оформен предмет по пријава со број 12-1591/1 од 27.03.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето и работењето на лицата ---------- – вработено на работното место педагог и ---------- – вработено на работното место секретар на ООУ „----------“ во село ----------, во Општина ----------. Во пријавата се наведува дека горенаведените лица, користејќи ја роднинската поврзаност со директорот на училиштето отсуствувале неоправдано од своите работни места и во

текот на работното време вршеле активности во својата приватна фирма „----------“, што негативно влијаело на наставно - образовниот процес во училиштето.

Во насока на проверка на пријавените наводи по оформениот предмет, ДКСК се обрати со барање до Државен инспекторат за труд.
Постапувајќи по барањето на ДКСК, ДИТ извести дека од страна на државен инспектор за труд бил извршен инспекциски надзор во работните простории на работодавачот ООУ „----------“ во с.----------, Општина ----------, при што бил изготвен Записник ИП1 бр.---------- од 01.06.2026 година. Во моментот на вршењето на инспекцискиот надзор, на работните места биле затекнати лицата ---------- – педагог и ---------- –секретар како ги извршуваат своите работни задачи. По барање на државните инспектори, од страна на одговорното лице на училиштето, на увид бил презентиран Договор за вработување на работникот ----------, заверен под број ---------/3 од 05.08.2014 година, склучен на неопределенео време со полно работно време на работното место – педагог, пријава образец М од 06.08.2014 година, Договор за вработување за работникот ----------, заверен под број ----------/3 од 05.08.2014 година, склучен на неопределено време со полнмо работно време на работно место – секретар, пријава образец М1 од 06.08.2014 година и Евиденција за полното работно време за месец Април и Мај 2026 година.
Државните инспектори извршиле увид во евиденцијата за полното работно време за месец Април и Мај 2026 година, при што констатирале дека работниците ---------- и ---------- биле евидентирани на работните места и дека истите го почитувале работното време.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за случајот постапил друг надлежен орган кој при инспекцискиот надзор извршен во предметното училиште не утврдил неправилности што значи дека не се потврдуваат наводите од пријавата.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК